Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Р.М." бр.05/02), се со цел за остварување на целите и имплементација на активностите предвидени со проектот „Енергетски ефикасни фасади" за објекти за колективно домување, Градоначалникот на Општина Струмица, објавува:

# Јавен повик

за изработка на елаборат за Енергетски ефикасни фасади за објекти

за колективно домување на територијата на Општина Струмица

1. **Цели на проектот**. Проектот има за цел да им помогне на граѓаните во Општина Струмица, односно идно олеснување (намалување на трошоците) за аплицирање при барање за одобрување за реконструкција на фасади на колективни стамбени објекти и зголемување на свеста кај граѓаните по однос на намалувањето на потрошувачката на енергенси.

   Ова е **прва фаза** на проектот за 2019 година. Субвенционирањето и поддршката ќе се врши со средства обезбедени од Програмата РА од Буџетот на Општина Струмица за 2019 година - заштита на животната средина - наменети за инвестиции во енергетски ефикасни фасади на станбени објекти за колективното домување во вредност од 300.000 ден, а врз условите и критериумите дадени во овој јавен повик.

   Грижата на општината ќе биде продолжена и во следната календарска 2020 година, каде ќе се планираат и средства за субвенционирање на целосна изработка на термо фасада на објект за колективно домување, при што Општината ќе обезбеди средства и ќе објави Јавен повик за избор на објект.

2. **Предмет на јавниот повик** е субвенционирање и поддршка на Заедници на сопственици или овластени Управители на станбени објекти за колективното домување во Општина Струмица за инвестиции со мерки за енергетска ефикасност во заедничките делови на објектите за колективното домување во делот на:

   - Изработка на елаборат за Енергетска ефикасност ,

3. **Право на учество** на јавниот повик имаат сите Заедници на сопственици или Управители на станбени згради за колективното домување во Општина Струмица кои се евидентирани во регистарот на станбени згради во Општина Струмица и немаат долгови, како Заедници на сопственици или Управители, како и други долгови и финансиски обврски, а воедно истите објекти да немаат веќе постоечка термо фасада.

4. **Услови и критериуми** за учество на јавниот повик кои треба да бидат целосно исполнети од страна на потенцијалните изготвувачи на елаборат се следниве:

   - Одлука од Заедница на станарите или преку овластен Управител за реновирање на зградата за колективно домување односно воведување на мерки за енергетска ефикасност.
   - Имотен лист со кој се докажува сопственоста,
   - Сопствениците да се согласни да дозволат анкетирање, мерења за изработка на техничка документација и промотивни активности на нивната зграда/стан.
   - Главен систем за одобрување на подршка е **Прв дојден – Прв услужен**, што подразбира Заедници на сопственици или Управители на станбени згради за колективното домување кои први ќе доставaт уредни апликации ќе бидат први услужени.

5. **Број на избрани апликанти**. Бројот на избрани апликанти ќе зависи од конечно потрошените средства од точка 1, а во согласност со утврдените средства од претходно избраниот оператор. За таа цел Општина Струмица ќе спроведе постапка за јавна набавка со што ќе биде избран Економски оператор за подготовка на елаборатите.

6. **Потребни документи за аплицирање/пријавување:**

   - Пополнета Апликација – образец, кој може да се превземе од www.strumica.gov.mk/aplikacija, потпишан/а од претседателот на заедница на сопственици или управителот,
   - Листа со потписи на сопственици на станбени единици за учество во проектот,
   - Решение од Централен регистар за Заедници на сопственици или Договор со Управители,

- Доказ за сопственост (имотен/и лист/ови).

7. **Времетраење на Јавниот повик.** Повикот ќе трае 20 работни денови, од денот на објавување. Истиот ќе биде објавен на официјалната web страница на Општина Струмица  и во два дневни печатени медиуми.

8. **Начин на доставување на пријавите**

Апликацијата за изработка Елаборат за енергетски ефикасна фасада за објекти за колективно домување на територијата на Општина Струмица може да се подигне во Одделението за заштита на животна средина на Општина Струмица или од официјалната веб страница на Општина Струмица: www.strumica.gov.mk.

Пријавите треба да се достават до Општина Струмица, преку пошта на адреса: ул. Благој Јанков Мучето бр.37, 2400 Струмица, или во Одделението за заштита на животна средина на Општина Струмица најдоцна до 23.11.2019 година, односно до последниот ден од завршувањето на Јавниот повик, со назнака: Јавен повик за изработка на елаборат за Енергетска ефикасност за објекти за колективно домување на територијата на Општина Струмица.  Пријавите се доставуваат во затворен и запечатен коверт, без означување на субјектот кој ја поднесува пријавата. Неуредните апликации/пријави кои не се доставени на начин како што се бара во горенаведениот текст, односно кои содржат нецелосни податоци и некомплетна документација, како и оние кои нема да бидат доставени во наведениот рок, нема да се разгледуваат.

Дополнителни информации може да се добијат на телефон: (034)348030 во Општина Струмица, кај одговорните лица за спроведување на јавниот повик, или на следнива е-маил адреса: tomislav.andreev@strumica.gov.mk

Одговорни лица:

Томислав Андреев тел: 075/395-914

Лилјана Стојанова тел: 078/852-951

Павлина Волкановска тел: 070/214-606

Одделение за Заштита на животна средина